# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РЕСЕН

Службен гласник на Општина Ресен
-излегува по потреба
www.resen.gov.mk

13.02.2024 година
бр.2 година 59
Ресен

Уредува
Стручна служба
Тел. 047/551- 903
kabinet.gradonacalnik@resen.gov.mk

# АКТИ НА ОПШТИНА РЕСЕН

**1.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за доделување на парична помош

Се објавува Одлуката за доделување на парична помош, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 13.02.2024 година.

Бр.09-444/1
13.02.2024 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“, бр 5/02), член 23 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“, бр.7/2010,13/2013, 8/2015 ,11/2015 и 10/21), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 13.02.2024 година, донесе

О Д Л У К А

за доделување на парична помош

Член 1

Со оваа Одлука му се одобрува парична помош на барателот Бобан Степановски од Ресен, поради претрпена материјална штета од пожар на семејна куќа во Ресен, средства во износ од 150.000,00 денари.

Член 2

Одобрените средства во износ од 150.000,00 денари ќе се исплатат од Буџетот на Општина Ресен за 2024 година.

Член 3

Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ја изврши оваа Одлука.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-386/5
13.02.2024 година
Ресен

Претседател на совет,
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**2.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ресен за 2024 година

Се објавува Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ресен за 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 13.02.2024 година.

Бр.09-444/2
13.02.2024 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.” бр.5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15,209/18,244/19,77/21 и „Службен весник на РСМ“ бр. 53/21), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на РСМ “ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 И „Службен весник на РСМ“ БР.151/21) член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на РСМ“ 275/19,14/20, 215/21 и 99/22) и член 23 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен” бр. 07/10,

13/13, 8/15 и 11/15), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.02.2024 година, донесе:

О Д Л У К А

за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ресен за 2024 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ресен за 2024 година, бр. 08-2675/10 од 28.12.2023година („Службен гласник на Општина Ресен“ бр. 20/2023)

Член 2

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ресен за 2024 година, бр. 08-2675/10 од 28.12.2023 година („Службен гласник на Општина Ресен“ бр. 20/2023),

Во член 6, став 4, се брише зборот „наемнини“

член 9, став 1, алинеја 2 се дополнува со зборовите„а основицата на која се пресметува е просечна исплатена месечна плата по вработен за претходната година “

член 12, став 1 после зборот„месечна“ се додава зборот„нето“

член 14, во став 2 делот „60% од просечната нето плата во Република Македонија објавена до денот на исплатата“ се заменува со “30% од од просечната месечна нето плата по работник во Република Северна Македонија исплатена во претходна година, согласно Општиот колективен договор на јавниот сектор„

член 15, програмата „Д0-Градоначалник“ се заменува со „Е0-Општинска администрација“

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ресен“

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-386 /6
13.02.2024 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**3.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок по Извештај за реализација на Програмата за изградба и реконструкција на локални улици и патишта за 2023 година

Се објавува Заклучок по Извештај за реализација на Програмата за изградба и реконструкција на локални улици и патишта за 2023 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.02.2024 година.

Бр.09-444/3 Градоначалник
13.02.2024 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015,11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.02.2024 година, откако го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за изградба и реконструкција на локални улици и патишта за 2023 година, го донесе следниот,

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изградба и реконструкција на локални улици и патишта за 2023 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-386 /7 Претседател
13.02.2024 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

## Извештајот за реализација на Програмата за изградба и реконструкција на локални улици и патишта за 2023 година

Одржувањето на постојната патна инфраструктура на територијата на Општина Ресен опфаќа делумна и целосна реконструкција на истата. Фреквенцијата на сообраќај, нивото на сообраќајно оптеретување, фактичката состојбата на локалните улици патишта односно нивната амортизираност или оштетеност се индикатори кои влијаат на тоа кои улици и патишта ќе бидат дел од програмата за изградба и реконструкција на улици и патишта.

Наш императив е што поголема реализација на предметната програма со цел подобрување на условите и квалитетот за живот на граѓаните кои живеат на територијата на општина Ресен.

Во текот на 2023 година на територија на општина Ресен во врска со реализација на програмата за изградба и реконструкција на локални улици и патишта, спроведена и реализирана постапка за јавна набавка заради изведување на градежни работи за изградба и реконструкција на локални улици и патишта.

**I. По основ на Договорот за јавна набавка на работи – Асфалтирање на локални патишта и улици бр. 09-1401/1 од 27.06.2023 год. во вредност од 10.500.924,оо денари склучен помеѓу Општина Ресен и МАРКОСКИ К73 ДООЕЛ Струга, реконструирани односно изградени се следните локални улици и патишта:**

**1.Улици во селата на територија на Општина Ресен**

**с.Асамати**

реконструкција на улици во должина од 300 метри

**с.Шурелнци**

реконструкција на улици во должина од 250 метри

**с.Дрмени**

Реконструкција во должина од 150 метри

**с.Јанковец**

Реконструкција во должина од 150 метри

**с.Грнчари**

Реконструкција во должина од 100 метри

**2.Улици на територија на Град Ресен**

**дел од улица ,,Славеко Арсов‘‘** реконструкција во должина од 130 метри

**дел од улица ,,Преспанска‘‘** реконструкција во должина од 60 метри

**крак на улица ,,Борис Кидрич‘‘ (градски гробишта)** реконструкција во должина од 110 метри

**улица ,,5-та‘‘** изградба во должина од 65 метри

**II.По основ на Договорот за јавна набавка на работи – Асфалтирање на локални патишта и улици бр. 09-1401/1 од 27.06.2023 год. во вредност од 10.500.924,оо денари склучен помеѓу Општина Ресен и МАРКОСКИ К73 ДООЕЛ Струга,согласно договорената динамика, исплатени се средства во висина од :**

4.143.885,00 денари (средства од ЈПДП 2023 година)

885,00 денари (средства од ЈПДП 2022 година)

3.789.253 денари (средства од Буџет на Општина Ресен)

**III.По основ на Договорот за јавна набавка на работи – Асфалтирање на локални патишта и улици бр.16-1411/1 од 14.06.2022 год. склучен помеѓу Општина Ресен и МАРКОСКИ К73 ДООЕЛ Струга,согласно договорената динамика, исплатени се средства во висина од :**

4.602.379,00 денари(Буџет на Општина Ресен)

Со реализација на горенаведените активности во 2023 година, реконструирани или новоасвалтирани се локални улици и патишта во должина од 1.315 метри од кои 950 метри во селата и 365 метри во градот Ресен.

Вкупната површина на изведените работи изнесува 4.110 м2, од кои 2.925 м2 во селата и 1.185 м2 во градот Ресен.

Добиените средства од ЈПДП за 2023 година изнесуваат 4.143.885,00 денари.

Сите податоци околу плаќањата по основ на Договорот за јавни набавки за работи – Асфалтирање на локални улици и патишта се превземени од Секторот за финансиски прашања при општина Ресен.

**4.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за ослободување на инвеститорот од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште за изградба на Објект со намена В1.5 – научно-истражувачки центри, Центар за промоција на македонскиот јазик на КП бр.2524/1 во КО Љубојно, општина Ресен

Се објавува Одлука за ослободување на инвеститорот од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште за изградба на Објект со намена В1.5 – научно-истражувачки центри, Центар за промоција на македонскиот јазик на КП бр.2524/1 во КО Љубојно, општина Ресен, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 13.02.2024 година.

Бр.09-444/4 Градоначалник
13.02.2024 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 22, став (1), точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 4-а, глава II, точка 3 од Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост донесен од страна на Советот на Општина Ресен со број 07-3696/18 од 16.12.2014, член 23, став(1), точка 47 од Статутот на Општина Ресен („Сл. Гласник на Општина Ресен бр.07/10, 13/13, 08/15, 11/15, 1/16 и 10/21) , Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 13.02.2024 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

за ослободување на инвеститорот од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште за изградба на Објект со намена В1.5 – научно-истражувачки центри, Центар за промоција на македонскиот јазик на КП бр.2524/1 во КО Љубојно, општина Ресен

Член 1

Со оваа Одлука се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште инвеститорот – Моностерство за култура на РСМ, Н.У. Завод и Музеј Битола од Битола, при постапка за добивање на одобрение за градење на Објект со намена В1.5 – научно истражувачки центри, Центар за промоција на македонски јазик на КП 2524/1 КО Љубојно, Општина Ресен.

Член 2

Уредувањето на градежното земјиште ќе биде на товар на инвеститорот.

Член 3

Оваа Одлука влегува на сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Ресен.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-386 /8
13.02.2024 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**5.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за избор на Командир на Полициска Станица од Општа Надлежност – Ресен.

Се објавува Решение за избор на Командир на Полициска Станица од Општа Надлежност – Ресен, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 13.02.2024 година.

Бр.09-444/5
13.02.2024 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 12 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 23 став 1 точка 38 од Статутот на општината Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,, бр.7/2010,13/2013, 8/2015 и 10/2021) а во врска со член 24 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на РСМ “ бр. 294/21 и 89/22) Советот на Општината Ресен на седницата одржана на 13.02.2024 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на Командир на Полициска Станица од
Општа Надлежност – Ресен

1.За Командир на Полициска Станица од Општа Надлежност – Ресен се избира лицето:

- Ѓоко Стрезовски

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општината Ресен“

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-386 /9 | Претседател
13.02.2024 година | Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**СОДРЖИНА:**

1. Одлука за доделување на парична помош……………………………….стр.1

2. Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетотот на Општина Ресен за 2024 година..........................................................................стр.3

3. Заклучок по Извештај за реализација на Програмата за изградба и реконструкција на локални улици и патишта за 2023 година…………стр.4

4. Одлука за ослободување на инвеститорот од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште за изградба на Објект со намена В1.5 – научно-истражувачки центри, Центар за промоција на македонскиот јазик на КП бр.2524/1 во КО Љубојно, општина Ресен..........................................................................................стр.7

5. Решение за избор на Командир на Полициска Станица од Општа Надлежност – Ресен.......................................................................стр.9

**Издавач:Општина Ресен**
**Тел:047-551-770**
**Буџетска сметка: 7600140754630 10 НБРМ**
**Даночен број: 4024004107609**
**Матичен број: 6018572**